Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на ден 06.07.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06,35/08,150/10,83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на правно мислење, поднесена од ЈЗУ Здравствен дом „Прим.д-р Ѓорѓи Гаврилски“ од Свети Николе, заведена под СУ-03.бр.440/23 од 30.05.2023 година, го усвои следниот:

# З А К Л У Ч О К

Иницијативата поднесена од ЈЗУ Здравствен дом „Прим.д-р Ѓорѓи Гаврилски“ од Свети Николе, заведена под СУ-03.бр.440/23 од 30.05.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06,35/08,150/10,83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 06.07.2023 година, расправаше по иницијативата за утврдување правно мислење број СУ-03.бр.440/23 од 30.05.2023 година, поднесена од ЈЗУ Здравствен дом „Прим.д-р Ѓорѓи Гаврилски“ од Свети Николе.

Во иницијативата подносителот наведува дека постои невоедначена судска пракса за плаќање надоместок за трошоци за храна за време на ноќна работа на подрачјето на Апелациониот суд Штип од различни формирани судски совети и дека се има различен пристап во примената на правото и судската практика при одлучувањето. Поради тоа, предлага Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе правно мислење по однос на примената на член 128 став 1 од Законот за работни односи .

Во прилог на иницијативата подносителот не достави примероци од одлуките на кои се повикува во истата.

Во поглед на различниот пристап и нееднаквата примена и толкување на законите во судовите, а со цел обезбедување единствена примена на законот

подеднакво за сите граѓани во државата, врз основа на принципите на владеење на правото, подносителот со иницијативата бара да се донесе правно мислење од Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ" бр.83/18 од 08.05.2018), Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни правни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примена на законите од страна на судовите во рок од 3 месеци, но не подолго од 6 месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива од адвокатите и ги објавува на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по иницијативата утврди дека истата е поднесена од ЈЗУ Здравствен дом „Прим.д-р Ѓорѓи Гаврилски" од Свети Николе, односно истата е поднесена од правно лице, а не од субјект кој согласно напред цитираната законска одредба е овластен за поднесување на истата.

Имајќи го во предвид напред изложеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе заклучок инцијативата поднесена од ЈЗУ Здравствен дом „Прим.д-р Ѓорѓи Гаврилски" од Свети Николе, заведена под СУ-03.бр.440/23 од 30.05.2023 година, да се отфрли, од причини што истата не е поднесена од овластен субјект, согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница

Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општа седница одржана на ден 06.07.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на правно мислење, поднесена од адвокат Златко Јолески од Скопје, заведена под СУ-03.бр.411/23 од 17.05.2023 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијатива за донесување на правно мислење, поднесена од адвокат Златко Јолески од Скопје, заведена под СУ-03.бр.411/23 од 17.05.2023 година, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 06.07.2023 година расправаше по барањето за донесување на правно мислење поднесена од адвокат Златко Јолески од Скопје, заведена под СУ-03.бр.411/23 од 17.05.2023 година.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе правно мислење. Подносителот образложува дека ова е потребно затоа што станува збор за тужба од работен спор – за сторена дисциплинска повреда на работно место, по која има расправано Основен суд, кој тужбата ја отфрлил како ненавремена, Апелациониот суд го потврдил првостепеното решение, а се работи за примена на член 19 став 16 од Законот за административни службеници.

Во иницијативата не е наведена, ниту приложена различна судска пракса и всушност од страна на подносителот се бара мислење за примена на наведената законска одредба.

Од увидот во поднесеното барање може да се констатира дека подносителот нема поставено јасно правно прашање за кое не постои неединствена примена на законите и по кое треба да се постапува.

Исто така подносителот на барањето нема доставено други судски одлуки од кои може да се утврди дека станува збор за неединствена примена на законите.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Во смисла на цитираната законска одредба Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по наведената иницијатива , оцени дека во конкретниот случај не произлегува потреба да се утврди правно мислење бидејќи нема невоедначена примена на законот ,поради што донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница

Врховниот суд на Република Северна Македонија , на Општата седница одржана на ден 06.07.2023 година, согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06,35/08,150/10,83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на правно мислење, поднесена од ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ од Штип, заведена под СУ-03.бр.483/23 од 13.06.2023 година, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијативата поднесена од од ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ од Штип заведена под СУ-03.бр.483/23 од 13.06.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06,35/08,150/10,83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 06.07.2023 година, расправаше по иницијативата за утврдување правно мислење број СУ-03.бр.483/23 од 13.06.2023 година, поднесена од ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ од Штип.

Во иницијативата подносителот наведува дека постои невоедначена судска пракса за плаќање надоместок за трошоци за храна за време на ноќна работа на подрачјето на Апелациониот суд Штип со различни донесени одлуки и дека се има различен пристап во примената на правото и судската практика при одлучувањето. Поради тоа, предлага Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе правно мислење по однос на примената на член 128 став 1 од Законот за работни односи .

Во прилог на иницијативата доставени се примероци од тужби поднесени до Основен суд Штип, а одлуките на кои се повикува не се доставени во истата.

Во поглед на различниот пристап и нееднаквата примена и толкување на законите во судовите, а со цел обезбедување единствена примена на законот подеднакво за сите граѓани во државата, врз основа на принципите на владеење на правото, подносителот со иницијативата бара да се донесе правно мислење од Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ“ бр.83/18 од 08.05.2018),Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни правни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примена на законите од страна на судовите во рок од 3 месеци, но не подолго од 6 месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива од адвокатите и ги објавува на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по иницијативата утврди дека истата е поднесена ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ од Штип, со предлог Општата седница да донесе правно мислење, односно истата е поднесена од правно лице , а не од субјект кој согласно напред цитираната законска одредба е овластен за поднесување на истата.

Имајќи го во предвид напред изложеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе заклучок инцијативата поднесена ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ од Штип заведена под СУ-03.бр.483/23 од 13.06.2023 година, со предлог Општата седница да донесе правно мислење, да се отфрли, од причини што истата не е поднесена од овластен субјект, согласно член 37 став 1 алинеа 1 од Законот за судовите.

Врховен суд
на Република Северна Македонија
Општа седница